Имајќи го во предвид ова истражување, теоретски се допушта да се изведат поголем број на хипотези, но сепак ние ке искористиме неколку кои според наше мислење ке дадат најсоодветен одговор на темата на интерес, односно би се доближиле поблиску до целта на истражувањето.

**Генерална хипотеза**

**Функционалното остварување на правата и налагањето на обврските на поединците и на правните лица зависи од соодветното законодавство и органите кои ја спроведуваат постапката.**

Заради сеопфатност на истражувањето поставивме и **поединечни хипотези.**

1. Административно-правниот однос содржи два правни елементи-правно овластување и правно задолжение;
2. Ефикасноста на административните органи зависи од сите административно-процесни правила;
3. Доколку од односот произлегува одредена обврска, станува збор за однос кој настанува со посилна волја на државниот орган или на организацијата која врши јавни овластувања;
4. Во непосредната примена на прописите, конкретниот акт на органите на администрацијата може да биде врзан со предлог на странката, но може и да се донесе и по службена должност, по сила на законот;

5. Неопходна е содржинска контрола врз работата на административните органи;

**4. Поим на административно-правен однос**

Административно-правниот однос претставува правен однос кој настанува кога административните органи решаваат за правата и обврските на одредени субјекти и се манифестира со донесување на конкретен административен акт.

Според професорот Иво Крбек административно-правниот однос претставува однос во кој стапува органот на државната администрација во процесот на управување и однос кој настанува врз основа на административното право. Првата дефиниција е во потесна смисла, а втората во поширока смисла.[4]

Административно-правниот однос како посебен вид на правен однос има свои специфики и може да се дефинира на најразлични начини, но во секој случај може да се определи во потесна и во поширока смисла како што и веќе споменав. Во поширока смисла, тоа е однос во кој стапуваат субјектите на јавната администрација со одредени граѓани или правни лица во непосредна примена на законите и другите прописи. Притоа, правните субјекти што се носители на правата и должностите имаат можност да ги заштитат своите законски права и интереси, но и должност своите права и обврски кои произлегуваат од административно-правниот однос да ги вршат на начин како што е предвидено во општата норма. Во потесна смисла, тоа е однос во кој стапува органот на државната администрација во процесот на управување.

Во најопшта смисла, поимот административно-правен однос се употребува во две значења. Едното значење е кога тој се користи во односите на државните органи и граѓаните, односите меѓу јавните служби и граѓаните, како и односите меѓу самите органи. Во овој случај станува збор за апстрактен административно-правен однос т.е  однос регулиран со општи правни правила (правни норми) кои имаат апстрактен карактер. Второто значење на поимот административно-правен однос го имаме во случаите кога, на пример, ќе речеме дека лицето X стапило во однос со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување добивајќи старосна пензија или инвалидска пензија, лицето Y стапило во однос со Секторот за урбанизам и градежништво со добивање градежна дозвола, со

---

[4]Б. Давитковски, А. Павловска-Данева, Административно право, прв дел (материјално право) III изменето и дополнето издание, Скопје, 2018, стр. 41

Министерството за образование заради добивање стипендија, со Управата за јавни приходи плаќајќи данок и тн. Во овие случаеви се работи за конкретни административно-правни односи, кои фактички настануваат во општествениот живот меѓу конкретни субјекти. Овие административни односи се индивидуално-конкретни бидејќи настануваат во облик на заемна врска на конкретни лица. Меѓу апстрактниот и конкретниот административно-правен однос постои најтесна поврзаност. Имено, апстрактните односи регулирани со безлични, општи правни норми би останале "мртво слово на хартија" кога во административната практика, во секојдневниот живот, врз нивна основа, не би се креирале конкретните административни односи со кои, всушност не би се оживотворувале апстрактните административни односи. Што значи дека, во однос на субјектите на конкретниот административно-правен однос, се применуваат норми, кои претставуваат индивидуализација на општите правни норми.

Гледано од правен аспект, административно-правниот однос има само два чисто правни елементи-**правно овластување** и **правно задолжение**. Овие два елементи нужно треба да постојат во секој административно-правен однос. Меѓу нив постои корелативност: секое овластување на еден субјект истовремено претпоставува должност за другиот субјект и обратно. На ова упатува и самата административно-правна норма која се когаш претставува извесна заповед за еден субјект со што, истовремено го овластува другиот субјект да бара извршување на заповедта од страна на соодветниот субјект. Во овој контекст, административно-правната норма има императивно-атрибутен карактер.

На пример, ако диспозицијата на општата норма гласи дека работникот има право на старосна пензија, а хипотезата (условот или претпоставката) за да биде остварена диспозицијата е лицето да има навршено 64 години старост и минимум 15 години работен стаж, тогаш надлежниот орган откако ќе ја утврди материјалната вистина ќе донесе конкретен административен акт-решение со кое на лицето му го признава соодветното право. На овој начин, всушност се воспоставува конкретен административно-правен однос помеѓу Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и лицето кое добило пензија. Правно овластување на работникот, кое му го признава позитивното, објективно право е да бара остварување на законски загарантираното право, а правно задолжение на органот е да му го признае и овозможи тоа право. Или, да ја земеме за пример диспозицијата на нормата која гласи-секое лице кое остварува приход е должно да плати данок. Доколку одредено лице Н.Н остварува приход станува даночен обврзник спрема државата, односно со исполнување на условот (остварен приход) всушност се воспоставува однос помеѓу него и државата. Поконкретно, Управата за јавни приходи со решение ќе му определи на лицето обврска за плаќање данок во определен износ. Од овој однос за едната страна (Управата за јавни приходи) произлегува

овластувањето да бара плаќање на данок, а за другата страна (лицето кое остварило приход) постои задолжение обврската во определен рок да биде исполнета.

## 5. Субјекти и објект на административно-правен однос

Покрај чисто правните елементи-правно овластување и правно задолжение, одреден административно-правен однос не може да биде заснован безе субјектот и објектот на односот.

**5.1 Субјекти на административно-правниот однос**се од една страна државните органи или организациите кои вршат јавни овластувања, а од друга страна граѓаните или правните субјекти. На субјектите правото им дава можност да бидат носители на правни овластувања и правни задолженија, така што без учесници воопшто не може да стане збор за конституирање на одреден однос. Државните административни органи или организациите со јавни овластувања се јавуваат како партиципиенти во одреден однос, кога законот или друг пропис заснован на закон ги обврзува на одредени субјекти да им признаат права кои им припаѓаат или пак да им наложат обврски кои треба да ги исполнат. Како субјект на административно-правниот однос може да се јави физичко лице кое покрај правна способност поседува, странечка способност и деловна способност. **Странечката способност** односно способноста да се биде носител на права и обврски е облигаторен услов, кој треба да го исполнува одредено лице за да заснова административно-правен однос. Физичкото лице може да учествува во административно-правни односи од неговото раѓање па до неговата смрт. По исклучок, по пат на правна фикција, како субјект може да се јави и насцитурусот и во одредена административна постапка да остварува свои права. Деловната способност е способност на физичкото лице самостојно со свои лични дејствија да учествува во административно-правниот сообраќај, да создава, да менува или да укинува административно-правни односи.

Значи, можно е еден субјект на администратиното право да има само административна правна способност, без да поседува административна деловна способност. На пример, новородено бебе има право да прими подарок автомобил, но дејствијата во врска со регистрацијата на истиот не може да бидат извршени од детето, туку од неговиот законски застапник.

Покрај се ова, одредено лице да може да се јави како субјект во некој административно-правен однос треба да има легитимација за тоа. Тоа значи дека во конкретниот однос треба да се решава за негови права, за негови правни интереси или за негови обврски. Според ова, никој неовластено не може да учествува во административно-правен однос. Легитимацијата може да биде **активна** и

**пасивна.**[5]На пример, лицето кое смета дека ги исполнило условите за стекнување со право на старосна пензија и поднесува барање до надлежниот орган има активна легитимација (активна странка) да стане потенцијален учесник во односот доколку биде донесено решение со кое ќе му биде признаено бараното право, додека пак, лицето против кое е донесено решение за уривање на неговата дивоизградена куќа е пасивна странка односно има пасивна легитимација во конкретниот административно-правен однос. Овластеното службено лице треба да внимава ex officio дали лицето што се јавува како учесник во односот, односно како странка во одредена административна постапка може да учествува во такво својство.

**5.2 Објектот на административно-правниот однос**исто така претставува облигаторен услов за воспоставување конкретен однос. Под објект се подразбира предметот, поводот, целта заради која субјектите стапиле во одреден административно-правен однос. Тоа е еден вид на спојка односно причина која субјектите ги поврзува во административно-правен однос.

Бидејќи при конституирањето на овие односи често се задира во општествениот (јавниот) интерес, целата постапка на нивно настанување, менување и престанување подлежи на специјални процесно-правни институти содржани во Законот за општата управна постапка. На овој начин се обезбедува ефектуирање на објективното право при конституирањето на секој административно-правен однос и заштита на секој субјект.

## 6. Елементи на административно-правниот однос

Основни белези или елементи на административно-правниот однос се:

- Административно-правниот однос не може да се заснова помеѓу самите граѓани, туку во него секогаш како една од странките се појавува државен орган или организација која во согласност со закон врши јавни овластувања. Значи, покрај државен орган како актери во воспоставувањето на административно-правните односи може да се јават и некоја установа

[5]Д. Витански, Јавна и државна администрација, II издание,Битола, 2014, стр. 59

(јавна, мешовита или приватна), јавно претпријатие, фонд (јавен или приватен) единица на локална самоуправа и тн. [6]

- Станува збор за однос кој настанува со посилна волја на државниот орган или на организацијата која врши јавни овластувања само доколку од односот за странката (граѓанинот) произлегува одредена обврска. Кога, пак, предмет на административно-правниот однос е остварување некое законско или правен интерес на граѓанинот, првенствено од волјата на граѓанинот зависи дали ќе го искористи тоа право. Во конкретниов случај, административно-правниот однос се иницира по барање на граѓанинот, при што надлежниот орган е обврзан да го реши предметот.
- Извршувањето на административно правниот однос се обезбедува со принуда, само во ситуација кога не е доброволно извршена обврската што произлегла од односот. Кога станува збор за правата на странките од административно-правниот однос, принудата изостанува, т.е правата произлезени од односот не се остваруваат принудно. Нивната реализација зависи од волјата на самите странки. [7] Прописите, врз основа на кои извираат обврските од односот, истовремено предвидуваат и изрекување санкција од страна на овластените органи во случај на нивно неизвршување. Санкциите, иако можат да бидат и имотно-правни, секогаш имаат карактер на репресивни мерки.

- Административно-правниот однос подлежи на административно-судска контрола, што значи конкретните административни акти што ги донесуваат административните органиможат да бидат предмет на специјализирана судска контрола по повод иницирaн управен спор.

Авторите кои се претставници на традиционалната школа во определувањето на поимот управа ги определуваат основните белези на административно-правниот однос преки негово компарирање со граѓанско-правниот однос, со цел да се нотираат разликите меѓу нив, кои првенствено се последица на различниот карактер на правните норми со кои се регулираат овие два правни односи. Основниот елемент за дистинкција се состои во тоа што правните норми на административно-правниот однос имаат императивен карактер, додека пак нормите на граѓанско-правниот однос имаат диспозитивен карактер.

---

[6]Д. Витански, Јавна и државна администрација, II издание,Битола, 2014, стр. 62
[7] Б. Давитковски, А. Павловска-Данева, Административно право, прв дел (материјално право) III изменето и дополнето издание, Скопје, 2018, стр. 43

Кај граѓанско-правните односи, во основа, станува збор за релации кои се воспоставуваат помеѓу самите граѓании нивното основно обележје е автономната волја на учесниците во тие односи. Но, како елемент за дистинкција односно разграничување на административно-правниот од граѓанско-правниот однос не може да послужи тоа што во него мора да учествува државен орган, бидејќи постојат и одредени граѓанско-правни односи во кој учеството на одреден овластен орган претставува неопходен елемент за нивно конституирање. Така, на пример, при склучување на брак учеството на државниот орган е конститутивен елемент на формата на бракот, т.е на неговата полноважност.

## 7. Изразување и засновање административно-правен однос

Во непосредната примена на законите и на другите прописи, овластените органи донесуваат административни акти и со тоа создаваат административно-правни односи со различни правни субјекти. Административните органи и при спроведувањето на надзорот над извршувањето на законите и другите прописи, преземаат одредени управно-надзорни мерки и други управни дејства, а исто така решаваат и во форма на конкретен административен акт. Значи, и во овие случаи се создаваат одредени административно-правни односи кои се манифестираат со донесување на решение врз основа на правото на надзор.

Во непосредната примена на прописите, конкретниот акт на органите на администрацијата може да биде врзан со предлог на странката, но може и да се донесе и по службена должност, по сила на законот. Во првиот случај, предлогот на странката претставува законски услов за донесување на актот, додека пак во вториот, овластениот орган е должен да го донесе по своја иницијатива.

Административно-правниот однос настанува **експлицитно,** кога за одредена работа се донесува управен акт[8] или пак, **имплицитно** кога органот воопшто не се произнесува, односно не донесува никаков акт, при што во одредени земји тоа е законска претпоставка дека е донесен позитивен акт, а во други постои законска пресумпција дека е донесен негативен акт (кај молчењето на администрацијата).

[8]Управен акт е поединечен акт на јавен орган кој е донесен врз основа на закон со кој се решава за правата, обврските и правните интереси на странките. Управните акти можат да бидат насловени како решение, одлука, наредба, лиценца, дозвола, забрана, одобрение или други.

Настанување на административно-правен однос непосредно, по сила на закон, значи без да биде донесен конкретен административен акт (решение) има во исклучителни ретки ситуации, на пример кај стекнувањето на државјанство со самото раѓање на територијата на една држава (jus soli). [9]

Административно-правниот однос, чие создавање го налага некоја условна административно-правна норма, настанува со исполнување на предвидениот услов. На пример, ако нормата гласи дека студентот има право на стипендија доколку е редовен студент и постигнува континуиран одличен успех во текот на студиите, односот ќе настане кога ќе бидат исполнети пропишаните услови. Административно-правниот однос се заснова тогаш кога ќе биде исполнет одреден правен факт предвиден во хипотезата на административно-правната норма. Така, ако нормата гласи дека во случај на заразна болест се донесува наредба со која лицата имаат обврска задолжително да се вакцинираат, односот се заснова со појавата на заразна епидемија. Кај безусловните правни норми, односот непосредно произлегува од самата норма. На пример, овластен пазарен инспектор донел акт со кој поради констатирани незаконитости му изрекол на сопственикот забрана за вршење дејност во траење од еден месец и парична санкција во определен износ. Во овој случај односот веќе настанал со самото донесување на актот, без да се чека настапување на некој услов.

Поблиското определување на поимот административно-правен однос неминовно бара да се нотира и карактерот на правата и обврските што произлегуваат од административниот акт. Правата и обврските се строго од лична природа и за нив постојат посебни правни институции, како во поглед на располагањето, така и во однос на одговорноста во случај на неизвршување.

Поради фактот што правата и обврските кои извираат од одреден административно-правен однос се од строго лична природа, нив ги извршува правниот субјект определен со прописите. Меѓутоа, има исклучоци во кои е дозволено одредени права и должности да ги врши некое друго овластено лице.

Странката може да се одрече од реализирањето на правата од управно-правниот однос, но доколку од одреден однос за неа произлегува определена обврска таа мора да биде исполнета без оглед на нејзината волја.

За правата и обврските од управно-правните односи се врзани посебни правила во однос на нивното пренесување односно одрекување. На пример, лицето на кое врз основа на прописите му било признаено право за вршење определена занаетчиска дејност, не може ова свое право да го пренесе

---

[9] З. Јовановски, Управно (административно) право-учебник за студенти-питомци со практични примери, Скопје, 2020, стр. 21

на други субјекти. Исто така, не може да се пренесе обврската за мобилизација во воени формации, обврската за задолжителна вакцинација и сл. Постојат и обврски од кои субјектот не може да се одрече, но може да ги пренесе. Таков е случајот, на пример, со плаќањето данок. Во права пак, што не се пренесуваат и не се отуѓуваат спаѓа, на пример, стекнатото право на детски додаток, пензија и т.н.

## 8. Престанување на административно-правните односи

Административно-правниот однос може да престане на повеќе начини. Така, до прекинување на одреден воспоставен однос може да дојде по пат на негово еднострано раскинување. Тоа е случај кога административниот орган ќе се откаже од натамошно водење на административната постапка што ја иницирал по службена должност или, пак кај концесиските договори кога јавно-правниот субјект еднострано го раскинува договорот за концесија со другиот субјект од односот односно концесионерот.

Исто така, административно-правниот однос може да престане кога на пример, странката која поднела барање за признавање на некое право, ретерира од барањето во текот на постапката. Таков е случајот кога странката која поднела барање за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост, истото во текот на постапката го повлекува односно се откажува од барањето да и се утврди правото на сопственост на определена катастарска парцела. И со донесување на ново решение, со кое претходно донесениот акт се става вон правна сила, односно се укинува или поништува, престанува претходно воспоставениот однос. На крајот, административно-правниот однос може да престане и со донесување на акт на друг субјект, на пример со донесување на пресудаво административно-судска постапка (управен спор) со која решението се укинува или поништува. [10]

---

[10]Б. Давитковски, А. Павловска-Данева, Административно право, прв дел (материјално право) III изменето и дополнето издание, Скопје, 2018, стр. 44

**ЗАКЛУЧОК**

Позицијата и улогата на администрацијата се определува од нејзините односи со општеството, државата, организациите, граѓаните и секако нејзината рефлексија врз нашиот живот. Може да се каже дека администрацијата ги задоволува задачите на државната и локалната политика во врска со потребите и очекувањата на населението.

Токму заради тоа целокупниот административен систем е ставен во служба на граѓаните кои секојдневно стапуваат во најразлични административно-правни односи.

Административниот орган е основниот елемент на администрацијата, кој располага, врз основа на закон, со сопствена структура и со точно определени овластувања во управувањето со определена сфера од општествениот живот. Самата администрација е составена од луѓе кои ги определуваат и ги разбираат целите на административните органи и организации и активно се залагаат за разрешување на нивните проблеми.

Всушност, администрацијата претставува ”производител“ на административни производи и услуги. Така на пример, издвањето на решение за градба од страна на општината е услуга исто како и издавањето на лична карта, а самата лична карта односно самиот документ претставува административен производ.

Административната постапка претставува правна форма, односно правна процедура преку која се врши реализација на материјалните прописи од обласа на административно-правната материја со цел да се донесе законито и објективно решение со кое се решава за правата, обврските и интересите на граѓаните. При непосредната примена на тие прописи на конкретни случаи административните органи донесуваат административни акти.

Постапката за остварување на поединечни права, обврски и интереси на правните и физичките лица е пропишана со посебните закони, меѓутоа основата на тие посебни постапки се наоѓа во Законот за општа управна постапка, како општ процесен закон. Ова претпоставува дека посебните постапки не се целосни и тие секогаш треба да бидат усогласени во рамките на одредбите на ЗОУП.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Б. Давитковски; А. Павловска-Данева, Административно право, прв дел (материјално право) III изменето и дополнето издание, Скопје, 2018
2. Б. Давитковски; А. Павловска-Данева, Административно право – Книга втора (процесно право), Скопје, 2020
3. Б. Давитковски; Н. Гризо, Административно право, Скопје, 2008
4. Д. Витански, Јавна и државна администрација, Битола, 2014
5. Д. Витански, Сервисна ориентација на администрацијата, Битола, 2011
6. Д. Витански, Утврдување на материјалната вистина во административната постапка, 7-ма меѓународна научна конференција„Социјални промени во глобалниот свет“, Штип, 2020
7. Ж. Валин, Административно право, Скопје, 2012
8. З. Јовановски, Управно (административно) право-учебник за студенти-питомци со практични примери, Скопје, 2020
9. М. Русе; О. Русе, Управно право, Скопје, 2006
10. Прирачник за примена на општата управна постапка, Скопје, 2007
11. Р. Димитровски; Ј. Кекеновски, Јавна администрација, Скопје, 2007 (online available on https://www.researchgate.net/profile/Jove-Kekenovski/publication/287206069_Public_Administration/links/5673399508ae1557cf494fe0/Public-Administration.pdf)
12. Закон за општата управна постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124/2015)
13. Закон за управни спорови (Сл. Весник на РМ бр. 96/2019)
14. Закон за организација и работа на органите на државната управа (Сл. Весник на РМ бр. 58/2000)
15. Уредба за општите начела за внатрешна организација на органите на државната управа (Сл. Весник на РМ бр. 105/2007)
16. Етички кодекс за државните службеници (Сл. Весник на РМ бр. 129/2011)
17. https://sigmaweb.org/publications/Implementation-laws-administrative-procedure-SIGMA-2021-Macedonian.pdf